# ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА

за редовен инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за класифицирани информации(*) („Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/2019) во ____________________________________________________________________________извршен на ден ________________ година
(субјект на надзор)

во времетраење од __________ до ___________ часот.

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Дали претходно е извршен инспекциски надзор? | |
| **2.** | Ако е извршен, дали постои Записник од инспекцискиот надзор?<br>- Ако постои, истиот да се приложи. | |
| 3. | Дали е постапено по корективните мерки и препораки во Записникот (доколку се дадени)?<br>Доколку не е постапено, да се образложат причините. | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| **I** | **Безбедносна организација** | | | |
| **I.1** | Дали во субјектот се достапни за примена: Законот за класифицирани информации(*) и другите прописи од областа на заштитата на класифицираните информации? (печатена или електронска форма) | **ЗКИ Член 2 и 4** | | |
| **I.2** | Дали во субјектот се создаваат КИ?<br>- Ако одговорот е ДА, до кој степен на класификација? | **ЗКИ Член 8** | | |
| **I.3** | Дали во субјектот се чуваат КИ?<br>- Ако одговорот е ДА, какви (национални, странски) и до кој степен на класификација?<br>- Ако се чуваат странски КИ дали е формиран подрегистар за КИ? | **ЗКИ Член 8 и 72**<br><br>**УАБ Член 15** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| **I.4** | Дали во субјектот е назначен офицер за безбедност?<br>- Ако одговорот е ДА, дали се изработуваат годишен план и квартални извештаи? | **ЗКИ<br>Член 65 став 2, член 66 став 3 и член 68 став 2** | | |
| **II** | **Персонална безбедност** | | | |
| **II.1** | Како се применува принципот ПОТРЕБНО Е ДА ЗНАЕ при утврдување на потребата за некој вработен да поседува национален, НАТО и/или ЕУ безбедносен сертификат?<br>- Дали во субјектот се утврдени работните места или постојат листи на работни места за кои е потребно поседување национален, НАТО и/или ЕУ безбедносен сертификат? | **ЗКИ<br>Член 38 и 39 став 1<br><br>УБЛ<br>Член 2 став 2 и 9** | | |
| **II.2** | Дали лицата кои ракуваат со КИ, поседуваат соодветен БС за пристап до националните и НАТО/ЕУ КИ?<br>- Дали за лицата на кои им истекува важноста на БС е отпочната постапка 6 месеци пред истекот на истиот? | **ЗКИ<br>Член 39 став 2<br>и 55** | | |
| **II.3** | Дали се води евиденција на вработените лица коишто поседуваат БС (според вид, степен, датум на истекување на важноста на БС)?<br>- Да се покаже. | **ЗКИ<br>Член 68 став 1 алинеја 4** | | |
| **II.4** | Дали корисниците на КИ се информирани најмалку еднаш годишно за правата и обврските при ракување со КИ, вклучително и при ракување со информации со ознака ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА?<br>- Да се покаже евиденцијата за информирање (брифинг и ребрифинг). | **ЗКИ<br>Член 68<br>став 1<br>алинеја 9<br>УБЛ<br>Член 18** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| | - Да се покажат потпишани изјави од лицата-корисници на КИ што биле (ре)брифирани. | | | |
| **II.5** | Дали корисниците на КИ се информирани дека обврската за заштита на тајноста на класифицираните информации продолжува и по истекот на важноста на безбедносниот сертификат?<br>- Дали со корисниците на КИ што си заминуваат од субјектот претходно е извршен дебрифинг?<br>- Ако одговорот е ДА, да се покаже доказ/евиденцијата за извршено дебрифирање. | **ЗКИ Член 62 и 68 став 1 алинеја 9 УБЛ Член 18 став 1 и 2** | | |
| **II.6** | Дали во субјектот има лица кои се одбиени/на кои им се одземени безбедносни сертификати?<br>- Ако има, како е постапено со нив, дали им е ограничен пристапот до КИ, дали се прераспоредени на други работни задачи каде не се ракува со КИ? | **ЗКИ Член 56 и 57** | | |
| **II.7** | Офицерот за безбедност на редовните брифинзи дали е информиран за секоја промена за податоците во безбедносниот прашалник или промена на условите за добивање на БС?<br>- Ако одговорот е ДА, дали за тоа е известена Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во писмена форма од страна на офицерот за безбедност? | **ЗКИ Член 68 став 1 алинеја 7** | | |
| **II.8** | Дали од офицерот за безбедност е побарано од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации повлекување на БС за лице за кое треба дополнително да се провери | **УБЛ Член 14** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| | информација која може да влијае на понатамошното важење на БС, до завршување на постапката за утврдување на безбедносен ризик? | | | |
| **II.9** | Дали во субјектот се евидентирани случаи на нарушување на безбедноста на КИ со неовластен пристап или нивно компромитирање?<br>- Ако одговорот е ДА, кои дејствија се преземени?<br>- Да се дадат на увид записите од евидентираниот случај и дејствие. | **ЗКИ<br>Член 68<br>став 1<br>алинеја 8** | | |
| **II.10** | Дали постои организирана обука за заштита на КИ?<br>- Ако одговорот е ДА, дали во обуката се опфатени сите аспекти на безбедноста - физичката безбедност, персоналната безбедност, административната безбедност, индустриската безбедност како и информатичката безбедност? | **ЗКИ<br>Член 68<br>став 1<br>алинеја 11** | | |
| **III** | **Физичка безбедност** | | | |
| **III.1** | Дали во субјектот се изработени Проценка на ризик и План за физичка заштита за објектот? | **УФБ<br>Член 2 и 3** | | |
| **III.2** | Дали во субјектот се определени административни и безбедносни зони?<br>- Ако одговорот е ДА, дали се на видно место обележани? Да се провери. | **УФБ<br>Член 5** | | |
| **III.3** | Дали на влезот на безбедносната зона има функционален систем за контрола на пристапот? | **УФБ<br>Член 6** | | |
| **III.4** | Дали се користи систем за детекција на неовластен пристап?<br>- Дали постои оперативен алармен систем и дали истиот е функционален? | **ЗКИ<br>Член 27<br><br>УФБ<br>Член 12** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| | - Дали постои видео надзор? Да се провери местоположбата на камерите. | | | |
| **III.5** | Дали има процедура или е донесен некој документ (одлука, решение) со кој се определени лицата со право на пристап во безбедносни зони?<br>- Како се ограничува пристап до безбедносните зони само на лица кои работат таму? | **УФБ Член 6** | | |
| **III.6** | Дали КИ се чуваат во соодветни сефови /безбедносни каси согласно степенот на класификација? | **УФБ Член 21, 22 и 23** | | |
| **III.7** | Дали има процедура за резервни клучеви и шифри (од врати на простории и безбедносни каси во кои се чуваат КИ)? | **УФБ Член 24 и 25** | | |
| **III.8** | Дали има лица за обезбедување/чуварска служба?<br>- Ако одговорот е ДА, дали има процедура за нивно постапување?<br>- Дали има процедура за постапување на силите за брза интервенција во случај на аларм? | **УФБ Член 15** | | |
| **III.9** | Дали има процедура за посетители? | **УФБ Член 19** | | |
| **III.10** | Дали во безбедносните зони има прозорци?<br>- Ако одговорот е ДА, како се заштитени? | **УФБ Член 27 и 36** | | |
| **III.11** | Дали постои технички обезбедена зона?<br>- Ако одговорот е ДА, кои безбедносни мерки се преземени? | **УФБ Член 30, 31, 32 и 33** | | |
| **IV** | **Административна безбедност** | | | |
| **IV.1** | До кој степен на класификација се КИ кои се создаваат во субјектот? | **ЗКИ Член 8 УАБ Член 4** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| | - Кој го одредува и го одобрува степенот на класификација? | | | |
| **IV.2** | Ако во субјектот се чуваат, обработуваат КИ со степен „ДТ“, дали се одредени овластени лица во субјектот за ракување, чување и контрола на КИ со степен „ДТ“? | **УАБ Член 18** | | |
| **IV.3** | Дали во субјектот се водат посебни деловодници за евидентирање на КИ (влезни и излезни)?<br>- Да се дадат на увид.<br>- Дали лицето што е задолжено за ракување со посебните деловодници има соодветен БС? | **УАБ Член 12 и 13**<br><br>**ЗКИ Член 39 став 1 и 2** | | |
| **IV.4** | Дали во субјектот се водат помошни книги за евиденција (интерна доставна книга, книга за пошта, книга за место итн.)?<br>- Да се дадат на увид и да се следи одреден документ по случаен избор до крајниот корисник. | **УАБ Член 14** | | |
| **IV.5** | Да се утврди при дисеминација на КИ:<br>- Дали лицата до кои се доставуваат КИ поседуваат соодветен БС?<br>- Дали се почитува принципот ПОТРЕБНО Е ДА ЗНАЕ?<br>- Дали лицата за достава/куририте поседуваат соодветен БС согласно КИ што ги доставуваат? | **УАБ Член 28 став 1 и 2 и 29 став 1, Член 38, 39, 40 став 1, член 42 алинеја 2** | | |
| **IV.6** | Дали при создавање на КИ се дава писмено образложение за степенот на класификација на информацијата? | **УАБ Член 4** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| **IV.7** | Да се провери формата и обележувањето на класифициран документ согласно пропишаните обрасци, односно дали на документот има:<br>- ознака за степенот на класификација во заглавјето (хедер) и подножјето (футер) со реден број од вкупно број на страници;<br>- број на примерок со вкупен број на страници на документот;<br>- деловоден број на документот за излезните документи и потпис од овластено лице;<br>- назив/име до кого е доставен документот;<br>- писмено образложение за степенот на класификација. | **УАБ Член 9** | | |
| **IV.8** | Да се провери како се пренесуваат КИ<br>1. во рамките на субјектот:<br>- дали КИ се заштитени при преносот, и на кој начин?<br>2. надвор од субјектот:<br>- дали КИ соодветно се пакуваат?<br>- дали соодветно се означуваат?<br>3. надвор од државата:<br>- како е регулиран преносот на КИ надвор од државата? | **УАБ Член 35 – 46** | | |
| **IV.9** | Дали при секој оформен предмет со степен СД и повисоко има Преглед на лица што имале пристап до тој предмет?<br>- Дали прегледот се чува во одреден рок после уништувањето на самиот документ?<br>- ( 5 години за СД 10 години за ДТ?) | **УАБ Член 16** | | |
| **IV.10** | Дали е вршена декласификација или рекласификација на КИ? | **ЗКИ Член 16** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| | - Ако одговорот е ДА, дали лицата-корисници на тие информации се известуваат дека е извршена промена на степенот на класификација или е извршена декласификација? | **и 18** | | |
| **IV.11** | Дали се врши репродукција, се прават извадоци и преводи на КИ?<br>- Ако одговорот е ДА, како се ракува со нив и какви мерки се преземаат за нивна заштита? | **УАБ Член 21 - 27** | | |
| **IV.12** | Дали е извршено уништување на КИ?<br>- Ако одговорот е ДА, на кој начин било извршено уништувањето на КИ?<br>- Да се покажат пописни листи и потврди за уништување.<br>- Дали лицата во комисијата за уништување имале соодветни БС? | **УАБ Член 47 - 51** | | |
| **V** | **Информатичка безбедност** | | | |
| **V.1** | Дали за КИС на коишто се изработуваат КИ е издаден сертификат за безбедност на системот (дали е безбедносно акредитиран)?<br>- Ако одговорот е ДА, до кој степен на класификација?<br>- Да се покаже документ за потврда. | **УИБ Член 8** | | |
| **V.2** | Дали во субјектот се применуваат мерки за крипто заштита?<br>- Ако одговорот е ДА, како се врши дистрибуција и чување на криптографските средства и клучеви? | **УИБ Член 30** | | |
| **V.3** | Дали се почитуваат условите за компјутерска безбедност на КИС? | **УИБ Член 16** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| **V.4** | Дали за изработка на КИ се користат преносни компјутери?<br>- Ако одговорот е ДА, дали истите се акредитирани и до кој степен на класификација?<br>- Да се покаже документ за потврда. | **УИБ**<br>**Член 21 и 22** | | |
| **V.5** | Дали е дозволено користење приватни преносни компјутерски уреди (на пр. преносни компјутери, електронски потсетници, рачни компјутери) за процесирање на класифицирани информации? | **УИБ**<br>**Член 26** | | |
| **V.6** | Дали е дозволено внесување и користење на компјутерски средства, медиуми за запис и софтвер во лична сопственост во безбедносните и административните зони?<br>- Ако одговорот е НЕ, како се врши забраната? | **УИБ**<br>**Член 20**<br>**алинеја 8** | | |
| **V.7** | Дали безбедносната зона е заштитена од компромитирачко електро-магнетно зрачење ? | **УИБ**<br>**Член 35** | | |
| **V.8** | Дали се определени посебни простории за електронска обработка, управување со системот и работа со криптографски средства и клучеви? | **УИБ**<br>**Член 14** | | |
| **V.9** | Како се постапува со преносните меморински медиуми на кои се зачувани класифицираните информации ? | **УИБ**<br>**Член 23, 24, 27, 28 и 29** | | |
| **VI** | **Индустриска безбедност** | | | |
| **VI.1** | Дали субјектот има склучено индустриски договор во којшто се содржани класифицирани информации?<br>- Ако одговорот е ДА, како се ракува и како се чува таквиот договор? | **УИнБ**<br>**Член 3 и 4** | | |

| | ШТО СЕ ПРОВЕРУВА | Согласно | ДА/НЕ/Не е применливо | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| | - Дали е определено овластено лице за безбедност на пропишаните безбедносни мерки за спроведување на договорот?<br>- Дали лицата што се вклучени во нивната реализација имаат соодветен БС за пристап до КИ?<br>- Дали договорот е склучен со странска фирма и од која држава е истата? | **ЗКИ Член 34 став 3** | | |
| **VI.2** | Дали при склучување на класифициран договор во сите фази коишто претходат на склучувањето на договорот, вклучувајќи го и јавниот повик за учество во јавни набавки е обезбедено мислење на офицерот за безбедност на класифицирани информации?<br>- Ако одговорот е ДА, да се покаже. | **ЗКИ Член 34 став 4** | | |
| **VII** | **Размена/отстапување на класифицирани информации на друга држава или меѓународна организација** | | | |
| **VII.1** | Дали се разменуваат КИ со друга држава или меѓународна организација?<br>- Да се наведе со која.<br>- Дали размената се врши врз основ на некој договор, програма за соработка или членство во меѓународна организација?<br>- Како се врши размената на КИ? | **ЗКИ Член 35 став 2 и 3** | | |

***ЗКИ** - Закон за класифицирани информации; ***УИнБ** - Уредба за индустриска безбедност; ***КИ –** Класифицирани информации;
***УАБ** - Уредба за административна безбедност; ***УБЛ** - Уредба за безбедност на лица; ***БС –** Безбедносен сертификат;
***УФБ** - Уредба за физичка безбедност; ***УИБ** - Уредба за информатичка безбедност

Одобрена под бр. 11-57/1 од 30.01.2025 година